Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 04/19, 07/19 и 01/21,04/26), по барање на **ТАУ ЦЕТИ**, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење (кастрење на надвиснати гранки) на урбано зеленило (јавно зеленило) на 1 дрво (дудинка) на **ул.„Струма„бр.2 – Скопје.**
2. Кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ТАУ ЦЕТИ ДООЕЛ, ул.„Париска„бр.12Б, поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/1036** од **10.11.2026** година, за кастрење на надвиснати гранки од дрвото на **ул.„ Струма„ бр.2 – Скопје.**

Вработени стручни лица, од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвото има надвиснати гранки над улицата кои пречат на поголеми возила кои поминуваат на улицата како и на пешаците и поради тоа треба да бидат искастрени.
Согласно член 8 односно член 9 од Законот за урбано зеленило, зеленилото предмет на ова решение се смета за јавно зеленило. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/1036/2**
18.11.2026 година
Скопје
Доставено до: Барателот, ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје и Архива

Изработил:
Сандра Димовска
_____
Раководител на одделение
Емил Дуровиќ
_____
Помошник раководител на сектор
Петар Гичаровски
_____
Раководител на сектор
Зоран Лапевски
_____

Секретар на Град Скопје
Славче Трпески
_____